**Канцеларија на проектот:**
Министерство за труд
и социјална политика
Даме Груев 14, 1000 Скопје

| | |
|---|---|
| **Наслов на договор:** | **Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите** |
| **Број на договор:** | **2010/258-484** |
| **Предмет:** | **ПРВ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ - РЕЗИМЕ**<br>**За периодот 15 февруари – 31 март 2011** |

Овој Квартален извештај за проектот ‘Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите’ ги опфаќа спроведените проектни активности во периодот од 15 февруари до 31 март 2011 година. Во него се претставени главните наоди и резултатите од теренската работа на тимот за техничка помош на ББИ. Форматот на извештајот беше однапред договорен со ДО, вклучувајќи ја и листата на прилози. Излезните производи создадени во текот на извештајниот период се дадени како прилози кон овој извештај

Во првиот дел од извештајот се ажурираат информациите за употреба на човечките ресурси, вклучувајќи го и буџетот за директни трошоци. Главното постигнување во овој период е развојот на Програмата за претседавање со Декадата на Ромите, што беше извршено од страна на посебно избран и ангажиран Виш неклучен експерт (ВНКЕ). Понатаму во извештајот се опишува постапката за основање на Управниот комитет на проектот (УКП) – именувањата, организацијата на првиот состанок, како и изработка и координација на Деловникот за работа на Комитетот

Второ, во извештајот се наведени спроведените активности во периодот од средината на февруари до крајот на март 2011 година. Клучниот настан овде е изработката и испораката на Програмата за претседателство со Декадата на Ромите; друго важно постигнување на Тимот за техничка поддршка (ТТП) е спроведувањето на постапката за регрутирање на Неклучните експерти (НКЕ). Во извештајниот период тимот започна со преведување на клучните документи, коишто ќе бидат потребни во понатамошните фази од спроведувањето на проектот. Понатаму, потребните одобрувања беа побарани и следствено добиени од Договорниот орган (ДО). Како заклучок, може да се каже дека постојат одредени одолжувања во извршувањето на задачите поврзани со оценката на Стратегијата за Ромите и оценката на потребите од обука поради опширната постапка за ангажирање на НКЕ, со која ќе се осигура за потребите на проектот да се обезбеди висококвалитетна експертиза, како и целосна усогласеност со важечките правила на ДО

Понатаму во извештајот е даден планот на активности за претстојниот тримесечен период, кој ќе се користи и како алатка за управување, но и во постапката за следење.

Последното поглавје се однесува на оценката на напредокот кон планираните резултати, каде што резимирано се наведени секој од резултатите поединечно со соодветните преземени активности кои довеле до неговото остварување. Исто така се наведени и индикаторите, при што строго се следи листата на индикатори од Логичката рамка.

Анексите се вклучени на крајот од овој извештај.

Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите

Проектот е финансиран од Европската унија